**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

Број:11 – 1318/2
Датум: 22.02.2022
Скопје

# ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош на ден 22.02.2022 година изврши увид на лице место на ул.“Дамаска“ бр.27, по барање на Инвеститорот “ЕВН – Македонија“, Корисничко Енерго Центар – Ѓорче Петров, Скопје кој треба да изврши изведба на електромонтерски и земјеноградежни работи за барање на постоечки подземен кабел NAY-J 4x150мм$^2$, заради реализација на нов приклучок за објект на баратели СИГНУС ТРЕЈД ДООЕЛ.

Од увидот на лице место констатирано е дека за реализација на барањето според техничкото решение за овој предмет, ЕВН Македонија за планираниот зафат предвидува ископ на ров во должина од 2.00м, на начин што постоечкиот подземен кабел NAY-J 4x150мм$^2$ ќе се спои со нов до новопредвиден кабелски разводен ормар на ул.“Дамаска“ бр.27 КО Карпош, Скопје.

Трасата на ровот за подземниот вод започнува со подолжно сечење на асфалтна подлога од 2.00м и поврзување со спојка со постоечки кабел до новопредвиден кабелски разводен ормар, а кои припаѓаат на јавна површина при Општина Карпош.

На име на надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации согласно Одлуката бр.09-8033/18 од 13.12.2021 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на норминирана цена за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот за подолжно сечење на асфалтната површина да уплати износ од 2.360,00 денари со вклучено ДДВ, за прекоп на асфалтна подлога.

На Инвеститорот – Изведувач дадени му се насоки за начинот на изведување на сите градежно земјани работи за положување на подземниот електричен вод како и обезбедување на трасата за безбедност на минувачите со сите потребни означувања. Подлогата по положување на електричните кабли да се врати во подобрена првобитна состојба на тој начин што ископаниот материјал од ровот од асфалтната подлога да се транспортира до депонија, околу инсталациите да се постави ситен песок и завршно да се

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

асфалтира површината со АБ11.

По завршување на сите градежни работи околу изведувањето на електричниот подземен вод, Комисијата ќе изврши повторен увид со цел да утврди дали квалитетно се завршени работите и дали е подлогата вратена во првобитна состојба.

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Данче Поповска

Соња Крајничанец

Тома Мандилоски